Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати
Drejtoria e rezervave të detyrueshme të naftës dhe derivateve të naftës
Бр/Nr 03-43/1
12.01. 2021 год.
Скопје Shkup

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)

Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви ул.Орце Николов бр.71 1000 Скопје, тел/ 02/3225-228 , факс 02/3225-165, info@dcor.gov.mk

Службено лице Снежана Кртева

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2020 до 31.12.2020)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;-Снежана Кртева-советник асистент на директорот на Агенцијата

2. Број на примени барања;-вкупно **5**- на 20.02.2020 г.од страна на новинар Александар Кузмановски од редакцијата на информативниот портал Фактор- побарана Годишна Програма со финансиски план на ДЗРННД заради информирање од интерес на јавноста; на 06.03.2020 година од Центар за управување со промени, заради анализа на тековната состојба во јавниот сектор и организацијата и структурата на јавната администрација во Републиката, побарани се податоци кои се однесуваат на вработените, на платите на вработените , за период од 2017 до 2019 година побарани се податоци за лица со заснован работен однос ,престанок на работен однос, дали е изготвена функционална анализа од 2017 до 2020 година, податоци кои се однесуваат на членови на УО и тоа број, етничка припадност, надоместоци, начин на исплаќање,висина на надомест, начин на избор, критериуми исто така и висина на плата на раководното лице на институцијата, потоа податоци кои се однесуваат на чување на документите, постоење или непостоење на документ менаџмент систем и други податоци кои се однесуваат на состојбата во јавниот сектор; на 22.05.2020 година од страна на Центар за граѓански комуникации доставено е барање во врска со постапка за набавка на информатичка опрема- повторена постапка со оглас бр.15852/2019 и тоа Одлуката за повторена постапка, записник од спроведен технички дијалог , записник со инструкции од БЈН доколку постапката била предмет на управна контрола,евидентен лист од јавното отварање на понудите, сите понуди за оваа постапка,Записник, Извештај, извештај за тек на аукција,одлука за избор на најповолна понуда,одлука за поништување известување за склучен договор и склучен Договор за јавна набавка; на 10.09.2020 година од страна на Центар за економски анализи барање за доставување податоци во врска со користење средства од централниот буџет за непредвидени случаи заради Ковид-19 ефектите и тоа дали е користено од постојаната буџетска резерва и во која висина,дали истите се зголемиле со прераспределба и ако да во која висина, дали е барано од тековната буџетска резерва и во која висина, потоа во врска со јавните набавки дали се вршеле постапки надвор од вообичаените и ако да за што и во која висина и каква постапка е користена и дали се користени други механизми за распределба и трошење на буџетски средства во вонредни услови како резултат на Ковид -19 и последното барање од страна на Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации од 15.12.2020 година кое се однесува на барање податоци за постапката за јавна набавка на услуги за манипулација, односно управување со системи за искладиштување и утовар во автоцистерни на нафтени деривати од задолжителните резерви, со набавка на резервни делови, за период од две години. Во врска со оваа постапка е побарана целокупната докуменатација и тоа од одлуката за потреба од јавна набавка до склучен договор и записник со инструкции добиени од Биро за јавни набавки доколку постапката била предмет на управна контрола.

3. Број на позитивно одговорени барања;-**5** На сите пристигнати барања се доставени навремени одговори во законски предвидениот рок. На барањата кои се пристигнати се дадени целосни одговори и доставена е целокупната документација која е побарана

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;-нема

5. Број на неодговорени барања -нема

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);-нема

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;- нема

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата-нема

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и-нема

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.- нема

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**Скопје, 12.01.2021 година**
**(Место и датум)**

**(Имател на информации-печат)**

**(службено лице – потпис)**

е